
KAKA
БРОЈ 1

# Тајно сниман скопски разговор!

## Учесници: Личности бр. 1, 2, 3, 4 и 5.

**1:** Во цела Југославија он бил стално шеф. Сите му го пушеле курот. И уште подобро ако лажел, свaќаш. Уште повеќе го ценам. Свaќаш?! Ем ги лажеш, ем те сакаат, ем те ценат и ти ќутат.
**2:** Ништо не им верувам!
**1:** Што има врска. Кој збореше тогаш дека не е добар. А ем бевме сиромашни. Јадеа гомна без врска, а ние учевме по 50 души у клас. Такви бевме, се облакавме од роднини.
**3:** А Киро бе?
**4:** Зошто викале така? Затоа што морале!
**2:** Ааааааа....!!!
**1:** Што морале?!!...морале. Стварно верувале во тоа.
**2:** Морале бе!
**3:** Да! Морале!
**1:** Морале, ама плачеле.
**4:** Еднаш знаеш што рече еден другар. Седеше он со еден друг. И наместо на Тито покажуе на лисица. И овој другиот станує и: “Учителке, учителке! Овој рече дека ова е Тито.” И покажуе на тоа лисицата. И оваа отиде шамар му врза. Еј! Му вика оди нешто ваму. Дојде на клупа овој. Стави ракавици црни оваа. Еј!
**1, 2, 3:** Ха, ха, ха,....ха, ха, ха...ха!!!
**4:** Таа беше мрдната триста на саат бачко.
**1:** Што ќе и се црни ракавици бе?!
**4:** *Шпаз! Му направи!*





**1:** Што збориш бе?!
**4:** Шпаз! Уште еднаш!
**1:** Па таа ќе ја обесат во Америка!
**4:** Шпаз! Уште еднаш! А?!
**1:** Татко ми го собирале зошто крст носел.
**2:** Татко ти обратно.
**1:** Со сила. Кога беа комунисти он нешто крст. Сваќаш! А сега е комунист.
**3:** Не, не, не! Он е контраш. Си го гледал оној филмот кога викаат: "Исус е контраш и народен пљачкаш." Така викале комунистине за да не веруваат во господ. Ха, ха, ха!
**1, 2, 4:** Ха, ха, ха!
**1:** Па и у "Тетовирање". Знаеш зашто го собираат тој? Зошто збореше синоќа у кафаната. Ама стварно било така! Јаде тој нешто гомна и сабајле, ајде!
**3:** А Марадона бе!? Играше на кока!
**2:** Не бе! Пијан бил.
**3:** Тој пијаниот е од Бразил. И во Англија тој без зубите. Мртов пијан ти улетува и ти кине нога.
**5:** Ја еднаш напушен играв утакмица баскет. 50 коша даов, ич не утнав.



**2:** Ај не сери бе!!
**5:** Абе стварно дадов!
**1:** Прашај го зошто дал.
**2:** Напушен бил.
**3:** Напушен?!!
СИТЕ: Ха, ха, ха, ха....!!!
4: И ич не промашил?!
5: Абе жими брат!
3: Не се колни бе!
1: Прашај го уште еднаш што бил? Ха, ха, ха.
3: Јас и ти се изгазивме. Почнавме некоја моронска тема и овие зборат нешто без врска.



1: Што ти свети тоа?!
3: Ништо! Пробувам дали снима.
5: Еј, абе овој е цандар! Шпиун!

# РАЗГОВОРИ:




**Име:** BRIGADE O.D.
**Презиме:** ДАРКОПЕРОГЛУПСОНБОЖО
**Год. на раѓање:** 1990
**Прва изговорена реченица:** Smash the army before they smash you! Во најубавата соба во Чаир разговарав со Божо и Глупсон од BRIGADE O.D. според многумина моментално најдобра HC група во Европа.

Еден од многумината

**КАКА:** Дали верувате во некоја идеологија?
**БОЖО:** Верувам.
**ГЛУПСОН:** Не верувам!
**КАКА:** Дали Бранко Црвенковски користи кокаин?
**БОЖО:** Бранко Црвенковски е во некој страшен трип.
**ГЛУПСОН:** Мислам дека нема време, па затоа веројатно пропушта нешто.
**КАКА:** Доколку би биле во можност, како би ја уредиле државава?
**БОЖО:** Би им ја оставил на луѓето да ја уредуваат сами.
**ГЛУПСОН:** Точен одговор.
**КАКА:** Ве нервира ...?
**БОЖО:** Кога работите неможат да тргнат напред.
**ГЛУПСОН:** Глупи, егоистични и злобни луѓе.
**КАКА:** Животни и музички влијанија?
**БОЖО:** Мене најмногу ми влијае времето. Сончево и облачно.



**ГЛУПСОН:** Се и сешто. Долг ми е животот, така да имам многу влијанија. Во музиката ми влијаеле рокот, хеви металот, панкот, кросоверот, електронската музика ... се, баш се.
**КАКА:** Македонска "независна" сцена?
**БОЖО:** Македонската сцена е многу слаба затоа што има малку активни групи.
**ГЛУПСОН:** Во последно време нагло замре. Порано имаше повеќе групи. Групите всушност не се главниот проблем. Недостигот на промотери, издавачи, организатори на концерти и посебно недостигот на клубови во кои би можеле сите редовно да свират без разлика дали се демо или постара група ... него ... ај, да не го тупам.



**КАКА:** Дрога?
**БОЖО:** Интересно е да се проба се.
**ГЛУПСОН:** Без коментар.
**КАКА:** Што е независност?
**БОЖО:** Кога ќе го слушаш гласот од внатре и ќе шибаш 200 на саат.
**ГЛУПСОН:** Кога не си зависен од ништо.
**КАКА:** Кој е голем човек?
**БОЖО:** Некој од 2,5 метра.

**ГЛУПСОН:** Оној што не е глуп, егоистичен и злобен.
**КАКА:** Што е љубов?
**БОЖО:** Ако животот е оган, љубовта е пламен.
**ГЛУПСОН:** Љубовта е чувство што целиот те обзема и те прави зависен од него.
**КАКА:** Најголемо нешто во македонската R'N'R историја?
**БОЖО:** "BRIGADE O.D."
**ГЛУПСОН:** Свирките за штафетата, спојувањето на металот и панкот кога се заебававме со Божо и ... "Санаториум" затоа што Божо ги спомна "BRIGADE O.D."
**КАКА:** Ова лето свиревте во Хрватска и Словенија?
**БОЖО:** Свиревме на фестивали во Пула, Ил. Бистрица, Ајдовчина и Јутомер. Најмногу ми се допадна настапот во Јутомер затоа што имаше "TRIBAL" атмосфера, луѓето беа во шатори и "гореа" два дена. Оствививме многу контакти и се дружевме со многу луѓе. Убаво е кога ќе се заборават границите.
**КАКА:** Што мислите за иднината на светот?
**ГЛУПСОН:** Светот секогаш ќе се извлекува без оглед на сите глупости, војни и загадувања. Луѓето се како бубашваби.
**БОЖО:** Во иднината светот ќе се врти наопаку.
**КАКА:** Вашите неостварени сонови се ...?
**БОЖО:** Навечер сонувам често и речиси сите сонови ми се остваруваат.
**ГЛУПСОН:** Што знам? Па една голема светска турнеја. Да не се вратам дома некои 3 години.
**КАКА:** Што е среќа, а што е крај?
**БОЖО:** Крај нема, а среќата е секогаш тука некаде.
**ГЛУПСОН:** И јас мислам дека нема крај. Среќа е се што те прави среќен. Ако си среќен прави го тоа, а ако си несреќен престани да го правиш па пак ќе бидеш среќен.
**КАКА:** Нешто за крај?
**ГЛУПСОН:** И посакувам се најубаво на македонската сцена. Сакам сите да свират барем еднаш неделно, да се заебаваат и да бидат среќни. Толку!
**БОЖО:** Благодарам што дојде!



**Ние сме:**

# "BRAIN GHETTO"

Амбарциев Горан, нас. Точила 2 Е1 - 2 / 6, 97500 Прилеп

Група формирана во 1996, во Прилеп како реакција на провинцијалистичките и снобовските "следи го запад и MTV" струења, на воздушните маси, во контаминираната од некреативност и шунд, малограѓанска средина. Рифовскиот израз, интензивиран до некоја непристојна (што би рекол некој) граница на бучноста, е медиумот употребен за комуникација. Тапаните и нивната "двојка", заедно со бас гитарата, која не е секогаш заглавена во ритам секцијата, придонесуваат за звук кој некои го нарекуваат "PUNK-ROCK" или "PUNK-HC". "Deja vu", рециклажа - можеби. Сепак "BRAIN GHETTO" остануваат надвор од било која "MAINSTREAM" комбинација или од "гетото на заробените умови" што е всушност и главната идеја на групата. Концертните активности скромни. Сепак ова е Македонија. Настапите во Прилеп групата сама ги организира. Засега без носач на звук, но групата сериозно се подготвува за својата прва демо касета на која би требало да има 16 песни. Бендот брои четири членови: Сабат - тапани, Цобе - бас, Амбар - гитара и вокал и Боби - човек за бум шака трес (?!??) и се надева на поубав живот. Ха!

\- Амбар -



# Пријателски совети




## “МАК ТИФО”

(ул. 23 бр. 15 Волково, 91000 Скопје)
тел/факс 091/312-104

Конечно навивачите дочекаа свое списание. Во него можете да прочитате се за македонската “тифо” сцена, а воедно и за сите светски збиднувања на тоа поле. Го очекуваме шестиот број.
P.S. (Во македонија постои уште едно навивачко списание од Битола под име "ХАОС". Во овој број не успеавме да го набавиме за да ви го презентираме, но во наредниот број ќе го исправиме овој наш пропуст.)

---

## “БАБАРОГА” #1

“Точила” 2 E1 - 2 / 6, 97500 Прилеп
тел. 098 / 416 - 742 (Горан)

Токму кога се разочарав од македонската фанзинска непродуктивност, по автобус ми пристигна првиот број на “Бабарога” (А5, 32 стр.), петтиот фанзин кој доаѓа од Прилеп. На прв поглед фанзинот не ми изгледаше сериозно, но после првото разлистување на неговата содржина (“Паркети”, “Армагедон”, “Blind Obedience”, два стрипа, немузички текстови, малку политика, лични размислувања, “Apatridi”, “Corpus”...) веднаш нешто ми стана јасно. Во рацете го држам еден од најквалитетните македонски фанзини кој порачува: “Магичниот збор е ПОДДРШКА!”



# K.Y.K.M.O.#1

"I'm from the government...



I'm here to help you."

## "К. И. К. М. О." #1

(Стефан Симоновски, 4 Јули 4 - 1 / 2, 91000 Скопје, тел. 336 530)

..."Нов македонски фанзин и уште еден обид да се разбуди статичната македонска маса." е реченицата што ве воведува во овој македонски фанзин (28 стр. /А5). Нов обид за кој се надевам дека ќе успее. Фанзинот графички е солидно направен и е пишуван на македонски јазик. Читајќи го ќе дознаете повеќе за: (Анархизмот, D.I.Y. HC-PUNK сцената, подземните сцени во Пожега и Краљево), а исто така интересни се интервјуата направени со: "P.U.S.", "Abuso sonoro", "The shizoid wikler's". Доколку и ова ви е малкуможете да прочитате превземени размислувања за религијата, служењето на војска и тн. "Македонска сцена"?!?.... доколку соработувате со фанзинот и испратите нешто за македонската сцена???.... Не знам! Но, вреди да се проба. Со среќа! И за вас и за фанзинот!!!

---

## "*Град*"

"Букурешка" 21, 91000 Скопје
тел. 091/131-118
e-mail: bagimusic@yahoo.com




Верувале или не во Македонија постои вистинско музичко списание. Ви се допаѓа или не, сеедно. Списанието излегува и сега, засега е одлично. Огромен плус и шарм на списанието му дава големата застапеност (1/4 од списанието) на македонската "културна" сцена. Сакаме уште!!!

РАЗГОВОРИ:

# DISCLASS

Постојат од крајот на `95. После неколку промени на името ("Територијална одбрана", "Riotous assembly", "Social deprived") и после неколку настапи Валтер - гитара, вокал, Саше - тапани и Ивица - бас продолжуваат со работа под името "DISCLASS". Разговоров е воден со Саше.

**КАКА:** Која е целта на вашата музика? Вашиот животен став?
**САШЕ:** Сакаме да покажеме како е да се живее тука заедно со полициските срања и тортурата што врз нас ја врши државата.
**КАКА:** Мислиш ли дека Бранко Црвенковски користи кокаин?
**САШЕ:** Не знам дали користи, но знам дека е дилер....ха, ха, ха,...
**КАКА:** Неодамна излезе "split" касетата со "ABUSO SONORO" од Бразил?
**САШЕ:** Касетата е издание на "REVOLT TAPES". Штеф е во контакт со нив, а тие сакале да издадат нешто заедно со македонски бенд. Ние ги понудивме живите снимки од "Forever Punk Forever Young" фестивалот. Изданието инаку е D.I.Y. (Направи сам)
**КАКА:** Што е според тебе смислата на животот?
**САШЕ:** Исклучи го малку тоа за да размислам.
**КАКА:** Планови?
**САШЕ:** Се планира уште еден "split" со "DELO LUDILA" од Србија кој би требало да излезе за "MURDER TAPES" од Хрватска.
**КАКА:** Од оваа временска дистанца твое мислење за 45 годишното постоење на "СФРЈ"?
**САШЕ:** "СФРЈ" како место за живеење беше подобра од Македонија, иако не ми се допаѓа постоењето на ниедна држава. Ми се допаѓаше тоа што во "СФРЈ" живееја заедно 6 народи, немаше граници и се патуваше без пасоши.
**КАКА:** Што мислиш за универзитетот во Мала Речица?
**САШЕ:** Ништо лошо. Добро е што таму ќе се образуваат многу луѓе. Но, во секој случај не ми пречи. Секој човек би требало да се образува.
**КАКА:** Навиваш?
**САШЕ:** Меѓу нив постојат и разумни луѓе, но има и луѓе кои прават гомнарии без врска и поради тоа наебуваат невини луѓе.
**КАКА:** Веруваш ли дека Кочо Рацин бил убиен по грешка?
**САШЕ:** Мислам дека бил наместен. Нема врска тоа што ги учат децата на училиште.
**КАКА:** Че Гевара?
**САШЕ:** Револуционер како револуционер. Навистина голем човек. Сепак мене не ми се допаѓа комунизмот затоа што излезе дека и тоа е режим.
**КАКА:** Постои ли македонска "независна" музичка сцена?
**САШЕ:** Постои но многу е слаба. Би требало да има повеќе активни групи. Многу од оние што свират се без идеја. Во Македонија од активните групи најмногу ми се допаѓаат "BRIGADE O.D."
**КАКА:** Надвор од Македонија?
**САШЕ:** Идеолошки ги ценам "PISSED", "AMEBIX", "CHRIST DRIVER"....

**КАКА:** Дрога?
**САШЕ:** Дрогата е лоша. Тешко е ако се навлечеш. Што знам?... Во секој случај дрогата е гомно!!!
**КАКА:** Групите и major labels (големите етикети).
**САШЕ:** Во поголем случај групите што преминуваат во поголемите издавачки куќи тоа го прават за пари. Но постојат и групи кои издаваат за поголеми куќи, а сепак сеуште го прават она вистинското. На пример "DOOM".
**КАКА:** Религија?
**САШЕ:** Мислам дека религијата е корен на секоја војна, а разумот е најголем




непријател на секоја религија. Луѓето треба да бидат разумни...!
**КАКА:** Што е за тебе среќа, а што е крај?
**САШЕ:** Среќа е да можам да имам живот во кој ќе можам да го правам она што сакам да го правам, но се разбира без да им наштетам и сметам на другите. Среќа е кога се сите среќни. Навистина го сакам тоа. Крај е уништувањето на светот. Се додека постои светот постојат и шанси се да се промени кон подобро. Но, неговото уништување ќе биде крај.
**КАКА:** Дали Beatles биле во право кога кажале "All we need is love"?
**САШЕ:** Да!!!

РАЗГОВОРИ:

# "Tank Warning Net"

"FEAR UNION" - "Душан Тасковиќ" 46/47 91000 Скопје, Македонија

Некој ми кажа дека свират "HC" со "CRUST" и "NOISE CORE". Не е ва'но тоа. Свират од 1995. Сегашната постава на "T. W. N." е: Којдан - вокал, Коста - вокал, Еди - тапани, Мишко - гитара, Чоле - бас и Зајо - гитара. До сега имаат реализирано две изданија (најмногу во досегашната HC/PUNK македонска историја) "Split EP" со "Anonimni alkoholiki" (white crime, 1998, 7") и "Split" со "President choice" (white crime, 1997, MC). Интервјуто (неформалниот разговор) е водено со Војдан и Зајо, во присуство на десетина нивни пријатели и неколку случајни минувачи.



**ВОЈДАН:** Ај, прашај ме нешто.
**КАКА:** Чекај.
**ВОЈДАН:** Ајде.
**КАКА:** Вашата историја?
**ЗАЈО:** Не знам.
**ВОЈДАН:** Не знам. Коста знае!
**КАКА:** Како си поминавте на "Monte Paradiso" фестивалот во Пула?
**ВОЈДАН:** Јас не се сеќавам.
**ЗАЈО:** Што да ти кажам, се чудеа.
**КАКА:** Зошто?
**ЗАЈО:** Што знам. Се чудеа зошто сите таму беа панкери. Инаку свирката беше супер.
**КАКА:** Нешто за вашите изданија?
**ВОЈДАН:** Не ме прашувај такви работи. Прашај ме нешто, на пример ... што правите? За небото.
**КАКА:** Мислиш ли дека Бранко Црвенковски користи кокаин?
**ВОЈДАН:** Ништо не мислам.
(После ова следуваше 10 минутен разговор кој не беше сниман)
**КАКА:** Те нервира ли политичката пропаганда за изборите `98?
**ВОЈДАН:** Не ме интересира. Гасам телевизор. Не гледам ништо. Кога се возам во автобус не слушам што јадат гомна другите.
**КАКА:** Сакаше да те прашам за небото?
**ВОЈДАН:** Хм, да ти ебам. Не знам што да ти кажам. Ај, прашај го Зајо.
**КАКА:** Како се вклопи Еди?
**ЗАЈО:** Супер е.
(Во меѓувреме доаѓа Војдан)
**ВОЈДАН:** Ја виде ли сликата на синглот што го издадовме? На корицата го има Исус распнат и таму курот му е цевка од тенк. Тоа симболично кажано значи: "Ние сме најдобри, кој ве ебе сите. И тебе кој те ебе и тебе и тебе...."
**КАКА:** Сите?
**ВОЈДАН:** Сите по ред, да! Кој ве ебе ние сме најдобри. Толку! Толку од мене!
**КАКА:** Толку?

**ВОЈДАН:** Толку!
**КАКА:** Зајо! А ти?
**ЗАЈО:** И јас толку.
**ПРИЈАТЕЛОТ:** Ај да си одиме!
**ЗАЈО, ВОЈДАН:** Ајде.
**ВОЈДАН:** Ај, сега дај 10 денари за интервјуто!
**КАКА:** Не сери!
**ВОЈДАН:** Ај, части пиво!
**КАКА:** Утре.
**ВОЈДАН:** Утре здравје.






## ПОЕТСКИ ПЕРФОРМАНС
## 03.10.'98 - салон 19,19

текст и поезија: Александар Русјаков
режија: Миодраг Маџар и Александар Русјаков

*Љубовта инспирира, измачува, усреќува, осмислува, поразува, победува... Младите љубат и не се плашат и срамат да го покажат тоа. Младите пишуваат поезија посветена на љубовта и не се плашат и срамат да ја прочитаат и споделат. Без разлика дали љубовта е среќна или несреќна. Токму тоа ни го презентираа членовите на филмската работилница "ЕД ВУД". Читајќи ја поезијата на Александар Русјаков, потпомогнати од извонредната кореографија, костимографија и сценографија овие млади луѓе потполно успејаа во својата цел. Верувајте ми!*

**Графити:**

# МРАК

"Лука Геров" 48 - 2 / 5; 91000 Скопје
Аце 091 / 328 - 551; Рубин 091 / 329 - 905



Последниве неколку години графитите буквално ги опседнаа скопските ѕидови. Се повеќе млади луѓе со помош на бои, лакови, четки....ги испишуваа на ѕидовите своите пароли, ставови, стравови, визии... "Мрак" повеќе од една година активно учествуваат во графитизирањето на Скопје. Немаат направено многу графити, но тие што ги имаат направено се вистинска слика на нивниот живот, полн со мрачна неправедност. Чувството на експлоатираност и безнадежност помешано со секојдневните културни шокови допринесуваат за мрачните пораки и тонови на нивните графити. За жал речиси цело нивно творештво е уништено веднаш по изработката ("JАС И ВЕЛАМ НА ДРОГАТА НЕ, АМА ТАА НЕ МЕ СЛУША", "JАС ГО ГЛЕДАМ СВЕТОТ КАКО...?!" и "МРАК"...) Сепак овие млади уметници не се плашат од гомнарите кои ги уништуваат нивните графити затоа што секогаш доаѓа темнината за да ги сокрие "МРАК" при создавањето на некој нов графит.



# ПАРКЕТИ

097 / 32 - 231 (Славе)

Постојат од пред 5 години. Досега имаат забележителен број на концертни настапи низ цела Македонија. Имаат и два албума. Според нив првиот албум "Грижа на совеста" беше еден вид на криминално дело во македонскиот R'N'R. Вториот албум "Газирана хармонија" донесе неколку измени во групата. Во моментов "Паркети" се: Симс Паркет - гитара, Зоки Паркет - вокал, Славо Паркет - тапани и Гог Паркет - бас. Непосредно пред скопската промоција на "Газирана хармонија" во Bootleg онака од околу разговарав со Симс Паркет.

**КАКА:** Вашата идеологија?
**СИМС:** Сакаме да ја зачуваме првобитната енергија на R'N'R-от. Се помалку луѓето ја препознаваат исконската убавина на музиката. Ние сакаме да го повратиме тој почетен звук, се разбира со помош на современата продукција на деведесеттите години.
**КАКА:** Познати сте по вашите шегобијни текстови?
**СИМС:** Имаме секакви текстови. И шегобијни. Но, ако ги анализираш подлабоко ќе ја приметиш скриената сериозност. Текстовите ни се за обичните животни случки. Љубов, дебели девојки, убиства....



**КАКА:** Ова е време на избори?
**СИМС:** Политички не сме активни иако многумина ни префрлуваат поради тоа. Оние што ќе дојдат на власт треба да му помогнат на домашниот R'N'R да застане на свои нозе.
**КАКА:** Македонска сцена?
**СИМС:** Вредат само оние групи кои навистина живеат за да свират.
**КАКА:** Опојни средства?
**СИМС:** Ние правиме глупости и без опојни средства.
**КАКА:** Твое мислење за хомосексуалците и лезбејките?
**СИМС:** Им посакувам среќен брак на сите.
**КАКА:** Би прифатил ли председател хомосексуалец?
**СИМС:** Зависи од човекот.
**КАКА:** Благодарам за разговорот.
**СИМС:** Нема врска.

## ПАРКЕТИ

**Газирана хармонија**
**Сенатор/1998/CD, MC**

Паркети се повторно со нас. Претрпеа персонални промени но сепак успејаа да издржат. Резултатот е видлив. Нов албум со нови 10 песни. Веднаш е приметлива подобрата продукција, иако според многумина со тоа ја изгубија првобитната енергија. Сепак тоа е прашање на вкус. Во неколку песни многу блиску и очигледно е затапен поп призвукот. Но сепак тоа е плус за групата. Моите фаворити на албумов Бал и Мислам се токму такви песни. Доколку сакате музика која можете да ја слушате преку целиот ден без разлика каде сте и со кого сте Газирана хармонија е вистинскиот албум за вас. Јас веќе го набавив.




IF YOU WANT TO CHANGE THE WORLD YOU HAVE TO SEE IT HOW IT IS ... WITHOUT ILLUSIONS

INTERNATIONAL COMP. TAPE C60 + BOOKLET

HC PUNK GRIND

UUTUUS,HINFAMY,DEBELI SAMURAJ,AGATHOCLES,CRIPPLE BASTARDS,MAYA, BWF,TIME TO THINK,HOCU?NECU!,FLAGRANTS D'ELI, VOMIT ASBREGHE BALON,REBEL WIHOUT A PAUSSE,DRAJTSPONARJI

Price: 3$ Europe/4$ World ppd.
Trades welcome! No rip off!! .

D.I.Y.

STEFAN SIMONOVSKI
UL. 4 JULI 4-1/2
91000 SKOPJE
MACEDONIA/EUROPE

write for distro list!

Wanted bands for forthcoming comp. tapes.
Distributors please get in touch.

Revolt Tapes # 4

split live tape

brutal hc/crust from Brazil

DISCLASS

crustpunk raging from Macedonia

available for $3 Europe, $4 World (ppd) or trade
from: Stefan Simonovski, 4 Juli 4-1/2, 91060 Skopje
Macedonia/Europe

# ВО ЖИВО:

## АНАСТАСИЈА
## 01.10.'98
## Универзална сала

Конечно!!! Жива презентација на "Ноктурнал". Чекањето не беше залудно. Скопје сепак не е мртва средина и се додека "Анастасија" (Горан Трајкоски, Зоран Спасовски и Златко Ориѓански) го одржуваат нивниот внатрешен "огин



на животот" Скопје ќе "гори". Здраво и позитивно! Во време на очај, студ, безживотни кодоши, збунети "мамини" деца и заостаната "зомби" владеачка структура "Анастасија" воопшто не осврнувајќи се на човечките слабости со кои што се секојдневно опкружени успејаа уште еднаш (по којзнае кој пат?) да го свртат божјото внимание кон нашата мала татковина. Историски концерт кој не може да биде повторен. Беспрекорно организиран и уште побеспрекорно изведен. Да одиме по ред: Прекрасно осветлување (во кое беа вклучени и ласери). Моќни проекции. Звук кристално чист и јасен. Салата (овој пат без седишта во долниот дел) исполнета како никогаш до сега. Бендот како и секогаш: професионален, виртуозен и убедлив. Два биса. Неколку илјади среќни и задоволни луѓе.

Речиси совршено!!!

## FRONTAL CORTEX
## 02.10.'98
## BOOTLEG

"FRONTAL CORTEX" беа првиот бенд што свиреше во новиот клуб "BOOTLEG". Влезот беше бесплатен затоа што свирката беше во склоп на промоцијата на клубот. Некаде околу 22:30 часот во исполнетиот клуб ги слушнавме воведните звуци на "Stop the time", песната која го отвара засега единствениот албум на "FRONTAL CORTEX", "Ignorance and knowledge". Бендот беше увежбан и сигурен и презентираше чист и јасен звук. Иако песните беа свирени во потивка верзија воопшто не ја изгубија својата убедливост, едноставност и убавина. Следуваат "Wonderland", "Micromegas"... Пријатна клубска атмосфера. Слушнавме и парчиња од нивниот најнов материјал (би требало да се снима на почетокот на `99) кој звучеше малку поинаку и позрело, затоа што беше приметлив авторскиот и свирачкиот напредок на целиот бенд. По завршувањето на свирката забавата продолжи до раните утрински часови.

## ПАРКЕТИ
## 12.10.'98
## BOOTLEG

Во "BOOTLEG" дојдов токму на тонската проба на "ПАРКЕТИ". Нова постава и "нов" звук. Сепак после тонската проба направив мал разговор со бендот (читај интервју) и задоволно констатирав: "ПАРКЕТИ", ја продолжуваат својата борба, составена од шегобијност и




несериозност зад која се кријат и тоа како сериозни пораки. Во 22:30 часот "ПАРКЕТИ" започнуваат со свирката. Ја слушаме "Кафеави цуциња" од првиот албум. Публиката (составена воглавно од луѓе кои за прв пат ги гледаат "ПАРКЕТИ" во живо) го разбра "филмот" на групата и се вклучи во забавата. "Електрична фризура", "Mислам" и "Бал" (отсвирена на бисот) се покажаа како вистински концертни адути. "ПАРКЕТИ" потполно ги оправдаа очекувањата на својата публика и предупредија дека ова сепак беше само клубска свирка. Чувајте се за големиот концерт.

## CIRCULI 29.10.'98 BOOTLEG

Народот вели: "Секој почеток е тежок, но првиот пат е најубав". Квартетот "CIRCULI" составен од фагот, гитара, бас и тапани, токму со оваа свирка за прв пат се претстави пред македонската музичка јавност. Настапот започна околу 22:00 часот. Во наредниот саат можевме да видиме и слушнеме една солидна, воглавно "JAZZ" импровизација преточена во неколку композиции. Пред самиот крај на настапот можевме да слушнеме и преработки од Dave Brubeck и Henry Mancini. Дали овој квартет ќе остане само импровизаторски проект или сериозен дел од македонската "подземна" сцена ќе покажат времето и трудот што ќе го вложат во своето музичко и духовно надградување.

## Флукс и Brain Ghetto 31.10.'98 Прилеп

**К** последната октомвриска сабота се случи роцангла во прилеп **А** бевме лоцирани во вонвременската театарска работилница **П** в менза константно јадиме помија **И** ноќта спроти шестиот круг глупирање, со Флукс од Скопје и Brain Ghetto од Прилеп, од другата страна на решетките избувна уште еден бунт на разумот **Т** мајсторот го мрзи да дојди да ја поправи неонката во "Стив" во прва М.З. 130-

та соба (пичка му мајчина). **А** самите шутки (картица од 100 импулси = 130 денари) покажаа колку негативна енергија имаме во себе си. **Л** во домските продавници тетките заедно со студентите политичари сами ми даваат цени на артиклите - крадат од интелигенцијата на ебанава држава. **И** озвучувањето за жал беше лошо, но тоа не беше пречка да ја почувствуваме уиграноста на Флукс и најлошата интерпретација на Brain Ghetto (воопшто не си ја сватија сериозно работата таа вечер). **З** несфатлива иронија: на сред бараките во кои нема основни услови за живот - објекти каде има инсекти, шкорпии, змии, колера, жолтица и сл. некои копиљи направиле религиски објект кој вреди незамислива сума пари **М** "убијците на мојот град" е песната на Флукс што целосно ме растури - енормно добра ствар. **О** во дваесет и првиот век че се пикниме полни со религии, фундаментализам, расизам, етнички чистења како што незгрижените кучиња и мачиња се полни со болви. **В** на свирката беше очигледно дека подземната публика на Прилеп е ненахранета со концерти, исто како и во многу други метрополи во Македонија. **С** огромната зграда на МТВ произведува само две и тоа срање програми. **М** пост концертното дружење меѓу прилепчани и скопјани беше кулминацијата на љубовта, мирот и позитивната енергија која сите ја почувствувавме таа ноќ - не можевме да се видиме поради облакот во собата. **Р** Љубчо мрсулкото, Васко дебелиот, Бранко брадата и Рада курвата се умни инвалиди. **Д** само со безброј забави како концертот на горе споменатите бендови, многу оптимизам и бесштедна љубов можеме да смениме нешто. **И** ...

## TANK WARNING NET
## 01.11.1998
## Копакабана

Без никаква реклама и наплаќање на карти "TWN" успејаа да направат добра свирка. Иако просторот не беше адекватен за живи настапи од овој вид, тоа воопшто не им попречи на "TWN" во суровото и искреното презентирање на нивните животни ставови преточени во брзи, брутални и кратки песни. "Копакабана" беше пристојно исполнета со луѓе кои следејќи ја свирката на "TWN" приредуваа лудило во публиката слично на она што "TWN" го презентираа на бината. Токму и тоа се случи кога при крајот на свирката бев "растргнат" во "шутка" во која што



покрај публиката учествуваа и некои од членовите на "TWN". Затоа доколку не бевте на оваа нивна свирка, не ги пропуштајте следните. Не се знае што може да се случи?!

## Confused фест
## 20.11.'98
## МКЦ

Уште една групна свирка. Неверојатно потребна. За успешноста на истата нема да зборувам. По редослед ви ги претставувам оние кои настапија:

ЏИХАД - Повторно ја докажуваат својата искрена преданост кон она што го работат. Не изостана и нивниот стандарден настап овој

пат многу посигурен од предходните.
ПЕТОК 13 - Свират некој метализиран crossover иако е рано да се зборува за стилот затоа што ова беше нивни прв настап.
HELL STRINGS - Звук од 70-те. Ништо ново но барем имаат сигурен настап.
SIDE WALK - Уште една група која за прв пат настапува. Ни презентираа нешто што наликуваше на punk rock со примеси на калифорниски мелодичен HC. Звучат солидно но би требало да го намалат непотребниот адреналин на бината.
KRUL - Овој пат со нови членови и нова енергија. Успешно се бранат од трендовските музички влијанија и го продолжуваат развивањето на својот “филм”.
SMUT - После неколкумесечната концертна неактивност, SMUT се повторно на бината. Иако со измени во стилот и поставата групата која во моментов е една од најсериозните млади постави во земјава пружи моќен и осмислен настап.
MODIFIED GODS - Се наоѓаат во слична ситуација со многу млади ѓрупи, менување на постава, стил... Но и покрај се MODIFIED GODS покажаа дека се бенд на иднината и дека допрва ќе го привлечат апсолутното внимание од публиката и критиката. Имаа и најдобар настап на оваа свирка.
На крај како црна точка на концертот остана неспособноста на организаторите да ни го овозможи настапот на CONTENTED, младиот anarcho-OI бенд.

**Brigade O.D.**
**Флукс**
**Фанки Тунс**
**21.11.’98**
**Копакабана**

За разлика од повеќето концерти оваа година од кои што излегував сув, смирен и невозбуден од овој концерт излегов испотен, валкан, возбуден, искршен и среќен. Мазохистички но добро.

**ИСЧИСТЕТЕ ГО СВЕТОТ**
**22.11.’98**
**Дом на АРМ**

“ИСЧИСТЕТЕ ГО СВЕТОТ” е навистина убаво мото. Но, реалноста е нешто сосем друго. Луѓето не сакаат да го исчистат светот. По четврти пат (мислам) извидниците пробуваат преку организирање на концерти под ова мото да делуваат врз еколошката свест на луѓето. Честа да ја отворат оваа манифестација ја имаа учениците на Пеце Атанасовски, нашиот најголем народен виртуоз. Токму и во такво светло се претставија, виртуозно и народно. Комплименти, комплименти, комплименти... После нив на бината го гледаме Бодан Арсовски кој со неговиот оркестар “Езгија” ни пружија едно убаво инструментално доживување. Благодарам! На настапот на “Банкрот Блуз Бенд” заспав. ИСЧИСТЕТЕ ГО СВЕТОТ!!!

...Немаше постојаност и истрајност. Секогаш оние што беа добри беа отфрлани, исмејувани, прогласувани за лудаци, мистици ... или пак и тие влегуваа во машината. Соработката секогаш беше сведувана на корист. Уметноста беше во рацете на неуметниците, "интелектуалците" без интелект, квази бунтовниците, искомплексираните "старци", мамините синови и ќерки. Затоа дете не се грижи за реакциите од "машината". Размисли! Кој ги одредува критериумите? Подготви го својот грб за отровните стрели. Стани имун! Научи што е "КАКА", а што не е! Не знам како. Да знаев немаше да ти го зборувам ова, туку ќе бев пример за тебе и за сите "вистински"! Сепак пробај! Никако поинаку нема да дознаеш!!!

# Кака


"КАКА"

"Арсо Мицков" 23

91000 Скопје

тел. 091 / 332 - 645 (Васко)

091 / 454 - 097 (Баже)

E-mail: kaka@freemail.org.mk